# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од 23-тото продлжение на Педесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 18 јуни 2004 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Почитувани пратеници, продолжуваме со работа по 50-та седница на Собранието на Република Македонија .

Пратениците Лилјана Поповска, Иван Стоилјковиќ, Рафет Муминовиќ, Кенан Хасипи, Неждет Мустафа, Јани Макрадули, Зоран Крстевски, Слободан Даневски, Љупчо Мешков, Стојан Андов, Хисни Шаќири, Иван Анастасовски, Зоран Шапуриќ, Андреј Жерновски, Љубчо Георгиевски, Љубе Бошковски, Петар Наумовски, Никола Груевски, Сашко Кедев, Орданчо Тасев, Али Ахмети, Талат Џафери, Недим Рамизи, Теута Арифи, Ејуп Рустеми, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Од 50-та седница ни остана само една точка .

Преминуваме на 51-та точка од дневниот ред - **Информација за состојбите во агро-индустрискиот комплекс во делот на индивидуалното земјоделско производство,** поднесена од пратеникот Марјан Ѓорчев.

Информацијата Ви е поделена.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави г. Ѓорчев.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Почитуван г.претседател, почитувани дами и господа пратеници,

Деценисказа констатација дека макеоднскиот агро-комплекс е највитален дел на македонската реална економија иако исто така децениски назад беше обезвреднувана декларативно дека земјоделието е наша најголема шанса за развој

и како држава и како народ, сепак заради бројките кои стојат во земјоделското производство , за трудот на луѓето кои се баваат со земјоделско производство и во целина целиот ланец на преработувачката индустрија можеме да кажеме дека оваа децениска констатација нависитна држи.

Кои се тие бројки кои ни даваат потврда дека ова што говориме дека земјоделието е навистина највиталниот дел на макеоднската економија кое може да го повлече развојот на Република Македонија напред. Тоа се следните бројки:

Огромен број на земјоделски домаќинства над 197 илјади земјоделски домаќинства, учество на земјоделското производство заедно со водостопанството и шумарството 13,5% од макеоднскиот бруто општествен производ, покриеност на македонскиот извоз од близу милијарда ева годишно, 20% отпаѓа на извоз на земјоделски прехранбени производи,огромен процент на македонско население над 20% кое живее директно и индиректно од земјоделското производство и на крај најважниот факт , најважниот аргумент дека само во делот на земјоделието Европската унија не прифаќа дека сме компатабилни како држава со стандардите и со квалитетот на производите во Европа односно определбата ЕУ по потпишувањето на Спогодбата за стабилизација  и асоцијација на Република Македонија со Европа на 9 април 2001 година дека македонските земјоделски производи можат без царина и квоти да се продаваат на пазарите ширум Европа на сите европски агро-берзи значи дефакто приклучување на Република Македонија во делот на агрокомплексот како полноправна членка на ЕУ. Тоа многу пати е заборавано во овие изминатити 3,5 години, меѓутоа, секогаш, барем јас ќе се обидувам да потсетам дека во тој дел Европа ги потврди нашите напори и даде верификација дека навистина само во тој дел ние бевме единствени и пред Словенија и пред Полска и пред Бугарија и други земји кои на 1 мај освен Бугарија и Романија, туку другите земји на 1 мај 2004 година добија полноправен статус како земји членки на ЕУ.

Значи , целиот овој импресивен биланс на бројки, факти и аргументи кои даваат потврда дека земјоделието е највитален дел на македонската  економија се одвива и се реализира исклучиво во услови на еден апсолутен лес-фер и би рекол нелојална конкуренција заради политичкит еи економски услови во кои Република Македонија особено по распадот на поранешната федерација чекореше во овие деценија ипол. Тоа е време на ембарга, време на затворени граници, време на проток на стока, на капитал низ Македонија при што макеоднското земјоделие претпре најголемиудари за тоа што на нашите пазари од соседните земји се

продаваше секаков вид на земјоделски производи најчесто донесени во Република Македонија и без евиденција и без контрола и без преминување на оној официјален начин на македнските граници.

Значи овој импресивен биланс го постигнуваме во услови на една апсолутна неорганизираност на чинителите на тој процес кој треба да бидат повикани, тоа е државниот апарат, администрацијата, стопанствениците, населението во услови на максимална некоординираност на политичките номенклатури кои формираа влади и кои требаше да направат сознанијата во земјоделието да ги облагородиме и да ги надградиме и да чекориме конзистентно во тој процес на приближување, барем на овој дел за кој Европа ни даде право и ние самите да почувствуваме дека е така и да можеме да се чувствуваме како полноправни граѓани на Европа барем во делот на земјоделското производство.

Се разбира дека  условите во кои Република Македонија чекори кон ЕУ, Република Македонија како член на СТО, Република Македонија како земја членка на земјите од Југоисточна Европа, Република Македонија како една од оние земји за кои важи Пактот за стабилност, сите тие регионални политички асоцијации и меѓународни асоцијации не обврзува сегашната состојба да ја надминеме и тој наш ментален склоп, барем во делот на земјоделството, да го облагородиме со сознанијата кои ги имаме и кои ни ги нуди светот, ни ги нуди ЕУ, ни ги нуди СТО, ни ги нуди САД како три водечки  светски гранки во делот на земјоделското производство.

Стратегијата за развој на Република Македонија донесена од МАНУ до 2010 година не упатува односно ги одредува стратешките димензии на македонскиот агрокопмлекс и натаму ги дефинира земјоделските политики кои треба да бидат применети во Република Македонија конзистентно, независно од политиката и на крај ги дефинира со кои мерки, со кои инструменти таа стратегија, таа цел кон којра треба да се стремиме, таа земјоделска политика и тие мерки и инструменти ќе бидат конзистентни за да достигнеме онаков раст каков сме предвиделе во таа наша македонска автентична  стратегија за развој на земјоделието, а впрочем таа стратегија се однесува за целиот економски растеж на Република Македонија.

Меѓутоа, политиката си го зема својот данок не принципиелно, без ниту еден аргумент, а зошто тоа гоправиме? На два наврати ние како држава во делот на она што се вели владина полиитка се определуваме без да одговориме, пак ќе кажам, со ниту еден аргумент зошто се отфрла клучното прашање на светското земјоделство, системската поддршка на државата која е присутна токму во овие три сегменти како

ЕУ како најголем поборник за системска подршка на државата, СТО која упатува на кој начин државата да го помага не само земјоделството, туку и други сектори во економијата, пред се тука е репер уругвајската рунда за таа подршка и на крај САД кои имаат спектар на мерки како го помагаат своето земјоделско производство.

Значи, ние без ниту еден аргумент ја отфрламе системската подршка на државата во 1996 година и во 2003 година на начин на кој не размислуваме за последиците кои на долг период Република Македонија ќе ја одалечат , утре сите сме тука, дел од тој пат , чекориме по тој пат како членка на ЕУ, да ги користиме, како што сега ги користи Р. Бугарија иликако што ги користеше Р. Словенија структурните и кохезиони фондови на ЕУ уште во времето кога ќе бидеме земја која ќе асоцира за влез во ЕУ. Тоа не го размислуваме и дејствуваме по инерција сеуште со размисла дека селанецот од еден друг систем е непријател на народната власт, напротив во овој нов систем во кој чекоревме 1991 година селанецот е извориште на приватната сопственост, а земјишната сопственост е основ на капиталот односно од таму почнува и затоа треба на поинаков начин да го гледаме целокупниот сегмент зошто државата воовој дел мора да го прави тоа што го прават другите држави.

Што е одлучувачко за системската подршка на државата, кои елементи се одлучувачки за да може нашата држава во согласност со принципите на ЕУ, во согласност со принципите на СТО, во согласност со принципите на земјоделската политика на САД да ги верифицира своите напори и буџетска политика на Република Македонија и вон буџетската политика да може да го помага македонскиот агрокомплекс. Тоа е пред се законска подлога, второ, институционална организираност и трето научна верификација преку факултетите односно нашите универзитети во Република Македонија.

Наполеоновиот код цивил које донесен многу одамна значиозаконување на едно обичајно право и на пракса во Франција кој и ден денес е релевантен и реперен за граѓанските закони во Р. Франција. За жл Република Македонија не направи свој земјоделски кодекс, свој агро код кој ќе значеше верифиакција во преговорите со сите меѓународни институции иако дел од тој чекор е направен, меѓутоа, не го заокружи тој свој агро код да може да покаже конзистентност како што говорев на стратегија, политика, мерки и инструменти целисходни и независни од политиката, од политичката номенклатура на влста, независни од коалициони влади, едноставно нешто што е иманентно , системски дадено за Република Македонија и што не доближува кон ЕУ и кон сите меѓународни асоцијации.

Најпрвин во делот на законската подлога. Република Македонија има закон за земјоделско земјиште, меѓутоа нема закон за македонски гори. Законот за води таков каков што е сега во Собраниск апроцедура отвора многу табу теми за проблемите на јавните водостопански претпријатија за 4 илјади вработени, за дубиозите за регулирање на проблемот со водите во Република Македонија, делот на екологијата, транспорт и врски, земјоделие ќе може да се синтетизира целата област во една агенција за води и ние во овие три клучни прашања од земјоделието немаме законска подлога, или вршиме измени и дополнвуања, како што направивме во Законот за земјоделско земјиште кои не одговараат на потребите на граѓаните на Република Македонија или донесуваме одлука да решиме еден проблем со оранжериите дека не признаваме  она што претставува оранжерија која претставува траен капитал , не може да биде предмет на купопродажба, не може да биде предмет на инвестиција, затоа што едноставно ја следи судбината на земјоделското земјиште кое согласно овој закон ги нема тие својства како што ги има Законто за градежно земјиште и објектите кои произлегуваат од истиот во правниот промет.

Понатму во делот на институционалната организираност независно што ние тука во парламентот , според мене, со една  брзоплета одлука без доволно аргументи го укинавме фондот за земјоделство, бидејки таков фонд или таква агенција за резерви дали се вика американска, федерална агенција за резерви, или се вика агенција за резерви во ЕУ , или се нарекува фонд за интервенции во Р. Србија и Црна Гора или се нарекува фонд за земјоделство во Р. Хрватска или фонд за тутунот во Р. Бугарија, едноставно тие сознанија не упатуваат дека мроа да имаме институција преку која ќе ја канализираме системската подршка од македонскиот земјоделец и до македонските субјекти во тој дел.

И тука, покрај тоа што мора или барем така се надевам во овој парламентарен состав да го донесеме тој закон за земјоделски фонд, или Закон за земјоделска агенција или закон за зејоделско биро, така како што тоа го направиле, како што пртходно спомнав, сите релевантни институции во светот, ќе мора да донесеме и закон за вршење на земјоделска дејност во кој точно ќе квантифицираме дека земјоделството не може секој да го работи во Република Македонија бидејќи се мисли дека тоа е најпрост вид на труд и најпрост вид на активност, туку ќе кажеме кој може тоа да го работи, на какво земјитште може да го работи и на каков начин може да го материјализира својот труд и основните средства во еден производ кој ќе значи приход и за Република Македонија и за сите граѓани на Република Македонија. Исто така, со овој заеднички закон би морало да се донесе и закон за поттикнувачки

мерки, кој исто така го имаат сите држави во Европа, односно кои се тие озаконети поттикнувачки мерки во одредби и на кој начин може Македонија долгорочно да го помага својот агрокомплекс.

И на крајот, научната верификација. Се разбира нашата наука во овој дел на Земјоделскиот, Шумарскиот, Градежниот, Правниот, Економскиот факултет дала многу сигнификантни трудови кои можат да помогнат целиот овој корпус на македонскиот агрокомплекс да биде заокружен и утре кога ќе преговараме, еве во октомври, како што веќе навести Владата на Република Македонија ќе влеземе во преговори за нов аранжман со ММФ, тогаш навистина да имаме аргументи зошто одобрените 2 милијарди денари или 33 милиони евра, врз основа на она што Македонија го има зад себе како постигање, мора да биде верифицирано и зошто мора на Македонија ММФ да и одобри 2 милијарди денари во Буџетот преку институционален сегмент, биро, агенција или фонд да биде доделена до крајниот корисник до македонскиот земјоделец. Моделот е едноставен, едноставно треба да го пресликаме моделот на ЕУ, затоа што ние не одиме да бидеме членка на некоја асоцијација на латинско американски држави, туку сакаме да бидеме членка на ЕУ, а Европската Унија има четири сегменти на поддршка на агрокомплексот:

Директни откупи: ние донесовме еден закон за стоковни резерви, со кој директните откупи ги префрламе во друга област, која за жал не ја санкциониравме, односно не ја определивме со закон. Ќе мора во овој Парламент најдоцна до крајот на годината тоа да го направиме ако сакаме навистина да чекориме по патот на ЕУ. Но, за директни откупи преку своите бироа, фондови и агенции, Европа во 2001 година со право до 2005 година троши годишно 1, две милијарди евра од Буџетот на ЕУ.

Втората мерка се извосните рефундации, за кои Европа - конкретно врзано со нашата млечна криза и состојбата во Република Македонија - троши 1,4 милијарди евра за рефундација на путер, млеко во прав, на разни видови сирење.

Интервентни или заштитни цени кои ги определува за одредени видови производи, како која држава има проблем: Франција за пченица, Шпанија за развој на раноградинарско производство, Германија за одредени видови производство на сточна храна.

И на крајот, она што претставуваат директни плаќања со онаа група на зелени мерки, каде државата не е ограничена со преговори со било кои меѓународни организации да ја ограничува својата јавна потрошувачка во делот на агрокомплексот. Тие директни плаќања се за одредени продуктивни, рентабилни и

економични производства во агрокомплексот. На пример, ако еден земјоделец во Европа годишно произведе над 5800 литри по едно грло крава, тој има право да добие основна премија од 0,35 денари по литро млеко до 2005 година, а еден денар по литро млеко до 2007 година, а плус секоја држава има право да даде дополнителна премија, како која цени според своите буџетски можности, 0,86 денари по литро млеко до 2005 година, односно 2,6 денари по литро млеко до 2007 година. Во ЕУ, тоа е подигнато на ниво на аксиома. Тие не дискутираат за тоа зошто и дали сега има проблем со некоја хаварија во атомските централи во Франција, кои ги има 14, или во Белгија каде што ги има 6 и за тоа треба да издвојува средства, туку едноставно тоа треба да биде реализирано. Тие се соочуваат со огромен револт, затворање на граници меѓу Шпанија и Франција, меѓу Франција и Германија, меѓу Франција и Белгија. Едноставно тие функционираат системски и ако сака Република Македонија да функционира системски, мора тој модел да го практикува.

Во овој спектар на активности, мерки и инструменти кои треба да ги примениме се содржат и решенијата за македонскиот агрокомплекс. Дел од тие решенија се надевам дека ќе се обидеме како Собрание на Република Македонија едногласно да ги донесеме како заклучоци што се предложени тука во Собрнаието на Република Македонија, но мора тука да проговориме, барем во ова обраќање кога се обраќаме и до сите нас и до јавноста во Република Македонија, за конкретниот проблем со млекото во Република Македонија. Се работи за току малку средства, се работи за толку голем проблем што ние мораме да реагираме како Парламент, би рекол да бидеме дежурни за оваа ситуација, заради тоа што навистина последиците по Република Македонија може да бидсат огромни, а се работи за еден минорен износ на средства кои можат да го разрешат проблемот со млечна криза во Република Македонија.

За што се работи? Се работи за тоа дека во период од 1991 до 2002 година, Република Македонија како ретко која друга област во економијата успеа да го поддигне нивото на млекопроизводството. Ако 1991 година сме произведувале 119 милиони литри млеко, 2003 година ние произведуваме 198 милиони литри млеко или 80 милиони литри млеко повеќе отколку што сме произведувале 1991 година. Тоа е еден огромен раст и огромно македонска популација што се зафатила да одгледува, да стане фармерско домаќинство, да одгледува одреден број грла стока и да произведува млеко. Оваа бројка не само што е многу важна туку и определувачка за тоа како ние како парламент ќе ги усвоиме заклучоците. Многу поважно е во делот на откупот на тоа што го произведуваме, во 1991 година од тие 119 милиони литри

млеко што сме ги произведувале само 35 милиони литри млеко биле откупувани или само 30% од македонското млекопроизводство. А во 2003 година 46% или 94,7 милиони литри млеко, тоа е пораст од 60 милиони литри мелко, а тие 60 милиони литри млеко ако ги гледаме во реална димензија значат огромен број на иљадници фармерски домаќинства кои се определиле да живеат од млекото и да го даваат тој производ во веќе развиените млекари во Република Македонија, а не како во другото време кога постоеја само две млекари во Македонија, а другите беа мануфактури, туку навистина развиени млекарски капацитети во Битола, Тетово, Богданци, капацитети финансирани од Лендолејк, американска фармерска институција, создадовме институционална инфраструктура во млекарството. И она што е најважно, а што ќе настанат најголеми последици ако не гу усвиме овој концепт како релевантен за Македонија, тоа е уништување на сточниот фонд тоа е во делот на високорасни крави грла, Република Македонија во 1991 година кога бројот на кравите изнесувал 158 иљади, стелни јуници 158 иљади, сега во 2003 година изнесува 173 иљади крави стелни јуници или за 15 иљади високорасни крави грла Република Македонија го облагородило своето производство и на таков начин достигнала повисоко ниво на развој. Јас ве убедувам дека во ниедна друга стопанска гранка од 32-те стопански гранки во РМ нема ваков подем. Ова е раритет и Македонија која од една увозно зависна земја која имаше производство од 35 милиони литри млеко во 1990 година, а увезуваше 60 милиони литри млеко, сега Македонија достигна 30 тони млеко дневно преку Битолска млекара во Грција, кравјо млеко и 8 тони дневно овчо млеко исто така во соседна Република Грција. Тоа е нашиот стремеж и тој извоз носи девизи, тие девизи ја јакнат надворешно-трговската размена на Република Македонија, го јакнат платниот биланс, го намалуваат трговскиот и платно билансниот дефицит. Едноставно мора да истраеме на овој пат, затоа што тоа е единствената алтернатива и единствен показател како може Република Македонија да обезбеди ако може тоа да го правиме во услови на неорганизирана акција, што ќе биде кога по ова прашање ќе се организираме, кога ќе обезбедиме системска поддршка на државата. Тогаш на таков начин од овие извозни моменти ќе достигнеме многу поголем квантун на извоз, затоа што и Р. Грција и Р.Албанија немаат млеко, немаат доволно млеко суровина и Македонија може да биде огромен отенцијал за извоз на млеко суровини и огромни девизи да доаѓаат во нашава држава. Тоа беше таа квантификација на некои бројки кои се релевантни за Македонија и опкружувањето околу нас, но она што кај нас се случува сега е проблемот што се соочуваме со вишок на млеко, а немаме мерки како тоа да

го разрешиме. Се работи за една толку мала интервенција на државата, се работи за три или четири милиони литри млеко кои со 30-40 милиони денари можат да бидат елиминирани или државата да даде гаранција дека тие 4 милиони литри млеко во период на лактација во летно време, кога има огромна продукција на млеко ќе бидат складирани, па преку финансирање на складиштењето односно директно плаќање на тие што произведуват да можеме да го пречекориме, односно да го надоместиме овој вакум меѓу понудата и побарувачката, кога имаме поголема млечна понуда, а помала побарувачка за млеко и млечни производи. Едноставно тоа можеме да го направиме и ние како пратеници треба да и препорачаме на Владата. Не е проблем за 40 милиони денари во една држава, а проблем се огромен број на сточен фонд, огромен број на фармерски домаќинства, огромен потенцијал кој можеме да го извлечеме од оваа гранка во делот на извозните можности на македонската економија воопшто.

На крајот од говорницата на Парламентот би посочил и од кои ресурси може навистина безболно, по извештајот и завршната сметка на Буџетот на Република Македонија за 2003 година да ги обезбедиме тие средства и тоа наменски од земјоделство за земјоделство. Во 2003 година од прелевмани на земјоделски и прехранбени производи се уприходувани во државната каса 620 милиони денари. Исто така, од други царински давачки, најповеќе на земјоделски производи, 349 милиони или блиску 1 милијарда денари само по основ на прелевмани и други царински давачки поврзани со царинење на увозни прехранбени земјоделски производи од други држави. Значи, имаме една милијарда средства, не мора сите да се користат и се разбира министрот за финансии на Владата на Република Македонија и премиерот ќе знаат како да ја напрват таа квантификација. Потоа, од приходи од земојоделски услуги директно од фитосанитарни такси и од ветеринарни такси уприходувани се близу 300 милиони денари, па тука имаме потенцијал од тие “бедни “ 40 милиони денари да ги најдеме и да ги употребиме за потребите на македонските граѓани кои сега имаат проблеми со својата продукција. И на крајот од акцизи на тутунот, значи тутунските добра за кои пвоеќепати тука говоревме дека тутунот треба да биде поддржуван и стимулиран од државата, државата уприходува 2,5 милијарди денари, а од акцизи на алкохол и алкохолни напивки уприходува 1 милијарда и 55 милиони денари. Значи, 3,5 милијарди денари ние уприходуваме токму од тутунот како наша стратегија, а јас говорев за тутунот како наша опција која мора Македонија да ја практикува. Па ќе кажам, ние немаме производство на коли тип Мерцедес и БМВ, но имаме производство на тутун тип Прилеп кој е светски

верифициран, кој претставува најдобар тутун во делот на ориенталните тутуните. Значи, од оваа огромна бројка од 4,5 милијарди денари ние можеме да најдеме многу повеќе средства од 40 милиони колку што сега треба да се интервенира, и тоа не мора сега, може да се интервенира сукцесивно до 12- ти месец 2004 година, едноставно да ги спасиме фармерите, да не се уништува стоката, да не се продава по багателни цени за Албанија и Косово најчесто на диви премини и нелегално да оди од Република Македонија , затоа што да се достигне ниво за 15 илјади молзни грла во период од деценија ипол тоа значи дека илјада грла годишно сме го подигале нивото на сточниот фонд во Република Македонија.

На крајот, би сакал да потенцирам дека убеден сум дека ова се многу мали чекори кои можеме да ги направиме а ќе бидат огромна помош и за македонското земјоделство, но ќе значат и голема помош за македонската економија, односно едноставно ќе обезбедат надеж на македонските граѓани дека од одредена стопанска гранка во Република Македонија може и достоинствено и спокојно да се живее.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Ѓорчев.

Бидејќи има уште три минути до паузата а за дискусија се пријавени уште тројца пратеници, сега објавувам пауза, а ќе продолжиме во 14,00 часот.

Прв за збор после паузата е пратеникот Љубисав Иванов - Ѕинго.

(Пауза).

(По паузата)

Седницата продолжи со работа во 14,00 часот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со работа.

Има збор господинот Драган Георгиев.

ДРАГАН ГЕОРГИЕВ:

Благодарам претседателе, почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Ќе се обидам накратко да не се повторувам со претходниот дискутант да ја искажам мојата поддршка во однос на индивидуалното земјоделско производство.

По прашањето на земјоделското производство и мерките кои што треба да се преземат за успешна работа, поддршка и поттикнување на македонското земјоделство, неопходно е реален и практичен пристап без премногу политика. Во вкупното македонско земјоделско производство повеќе од 600.000 работоспособни граѓани дирекно или индирекно егзистираат, односно ги обезбедуваат финансиските средства за основните потреби на своите семејства. Вкупното земјоделско производство Република Македонија обезбедува 15% од бруто домашниот производ во нашата држава, односно учествува со над 20% од вкупниот извоз на нашата земја, што значи дека дури 20% од девизниот прилив доаѓаат од пласираните земјоделски производи надвор од нашата држава. Само во последната година, 2003 година, во Буџетот на Европската унија кој беше над 600 милијарди евра близу 50% односно околу 300 милијарди евра се одвоени токму за таа намена, односно за развој, поддршка и поттикнување на земјоделското производство со сите пропратни мерки за развој и поддршка на истото. Секако ние треба да го следиме примерот со Европската унија, земјите членки успешно да се вклопиме во отворениот европски пазар од кој што произлегува силна конкуренција и во квалитет и во квантитет. Меѓутоа, сепак можеме слободно да кажеме дека Република Македонија има доволно солиден потенцијал за извоз на македонски производи и истиот би требало да настојуваме да го зголемуваме преку подобрување на производството и маркетингот посебно што се однесува за производството на виното, тутунот, овошјето, зеленчукот, јагнешкото месо и друго.

Од сите овие работи се наметнува обврската на нас пратениците и на Владата на Република Македонија како една од најприоритетните цели да биде поголема финансиска поддршка од различни извори на финансирање, а посебно од Буџетот на Република Македонија за што поуспешен развој, поддршка и раст на земјоделското производство во нашата држава.

Огромното значење на земјоделството и сточарството во нашата земја ја неметнува нужната потреба државата да мора во иднина за земјоделското производство и за сточарството како стратешки гранки за нашето стопанство да планира односно да издвојува барем 5% од Буџетот на Република Македонија што во бројки би значело дополнителни 2 милијарди денари повеќе од досегашните при тоа обезбедувајќи разни системски мерки, намалување на трошоците за производство, премии и слично.

Поставувањето на правилата поголема државна помош за земјоделците е неопходно за потребните реформи кои што неминовно не очекуваат за успешен

развој на оваа гранка при тоа користејќи го позитивно бесцаринскиот пристап на пазарите на Европската унија за производите од нашата земја. Сите овие години, без разлика која партија е на власт, мораме да признаеме дека се води премалку грижа за македонското земјоделство и македонското сточарство кое што може многу да влијае на вкупниот економски, социјален, па и политички амбиент во нашата држава.

Во услови кога сме членки на Светската трговска организација, кога имаме либерализација и отворен пазар на земјоделски производи, тешко е нашите производи да бидат конкурентни и затоа е потребно да се води посебна грижа за индивидуалниот земјоделски сектор, обезбедувајќи им при тоа на земјоделските производители поволни концесии, закуп на земјиште, разни поволни и лесно достапни кредитни линии, намалување на вкупните трошоци во земјоделското производство, интервентни откупи тогаш кога се нужни, примена на мерките од таканаречената група “зелени мерки”, премии за одредени земјоделски производи кои што битно влијаат во вкупниот економски развој во државата.

Ние можеме да донесуваме колку сакаме закони од областа на земјоделството и сточарството, при тоа усогласувајќи го законодавството на Република Македонија со законодавството на Европската унија и нејзините членки, и тоа е добро, меѓутоа, ако немаме реална примена на тие закони, односно не бележиме раст на индивидуалното земјоделско производство и сточарско производство, посебно кај оние производи кои се од најголемо значење за нас, како што се тутунот, грозјето и виното, пченицата, јагнешкото месо, млекото и други, ако додатно не ги стимулираме соодветните земјоделски производители, не можеме да очекуваме успешно и ефикасно прилагодување во реалните услови кои што ги диктира европскиот пазара на земјоделски производи во Европа и светот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Георгиев.

Има збор пратеникот Љубисав Иванов - Ѕинго.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ - ЅИНГО:

Благодарам господине претседателе,

Користам прилика да се заблагодарам на господинот Марјан Ѓорчев, што подготвил една ваква информација и покрена расправа за една многу значајна тема од областа на економијата, а тоа е земјоделието.

Земјоделието е голем потенцијал македонски. Земјоделието е наша голема нада, не само за сегашноста, туку и за иднината. Ние како генерација сносиме голема одговорност како, на кој начин, со кое темпо и во кој правец ќе ги усмериме нашите напори за развој на оваа гранка која треба да и обезбеди голема перспектива во нашата татковина во развојот на економијата. Земјата е сировина која вечито опстојува. Ако имате нафта или јаглен, или метали или неметали, која суровина со години со експлоатација се вади и полека се смалува и еден ден како таква нестанува. Значи, се исцрпува. Меѓутоа, земјата е вечита и земјата е таа која што треба да се обработи, која што треба да се нахрани и која секоја година вакво или дава онакво производство. Често пати јас го кажувам дека тоа е огромна фабрика, огромен производен капацитет кој стои вечито испод небото. И што е најважно, производството кое што произлегува од земјата, тоа производство практично внатре во него се наоѓа концентрирана вода, која доаѓа од нашето поднебје, од 50% до 95%. Значи, ние имаме еден производ во кој што ја продаваме практично водата која доаѓа од небото, која исто така непрекинато се обновува. Према тоа, тоа е богатство на кое што мораме како генерација и еве сега како Парламент да му посветиме големо внимание во смисол да развиеме производни капацитети и во примарното производство и во секундарното производство. Да се направат заокружени капацитети, тоа значи да се направи и примарно производство, да се направи и преработка. Нашите претходни генерации ги поставија основите на развојот на земјоделието. Постојат многу заокружени капацитети, како што е производството на тутунот и неговата преработка, изградени се преработувачки капацитети. Значи, финални производи.

Во голем дел и градинарското производство доживеа не само продажба на готови производи, туку и нивна преработка, нарочито на вишоците. Меѓутоа, во тој поглед понатаму треба да се вложуваат многу значајни средства во агроиндустрискиот комплекс, тоа значи во индустрискиот дел, во преработката на примарното производство.

Исто така, Господ Република Македонија ја поделил на реони и региони, каде што пак ние сега треба да разработиме регионални и реонски стратегии за развој. И во годините што изминаа, тие региони воглавном се дефинираа како такви. Ние имаме региони во кои што се произведуваат житни култури и кои се во големина наменети за такво производство, како што е Полошката котлина, како што е Пелагониската котлина, како што е Овче Поле и тн., Кумановско поле и други делови од нашата татковина. Имаме региони во кои што имаме ранградинарско

производство, како што е Струмичкиот дел, како што е Валандово, Гевгелија, Богданци, Дојран и тн. и тн. Имаме региони кои се испрофилираа за производство на овоштие, како што е Ресенскиот регион за производство на јаболка. Меѓутоа, тие региони сега и покрај тоа производство што го имаат како основно, базично производство, денеска доживуваат големи проблеми во однос на реализацијата на тоа производство и во однос на преработката на тоа производство. Тука понатаму треба да се направат напори да не можеме ние само да бидеме зависни од тоа, да тоа производство се реализира кога ќе стаса.

Прво, мораме да отвориме пазари тоа да оди како такво, суровинско.

Второ, мораме да направиме такви складови и под такви услови тоа да се одржува многу подолг временски период без да биде изложено на расипување. Ние мораме на таков производ да најдеме ново решение како што нашол и светот, токму во областа на преработката. Тука дури од производство на јаболка може да се направат и стотина производи. Затоа, во тој правец ние треба да работиме. Кога зборувам ние, мислам на наши стручни тимови, нашата наука, нашата пракса. Но, за тоа треба да се створат услови. Треба да се овозможат средства за инвестирање.

И, уште нешто што сакам да го потенцирам. Ако некогаш имаше недоволна развиена свест за заштита на човековата околина, за заштита на земјиштето, за заштита на водите, за заштита на воздухот, ако некогаш тоа се сметаше дека е луксуз, јас се сеќавам за 20-от век, некаде 70-тите години, кога зборував за заштита на човековата околина и за заштита на се' ова што сега го зборувам, бев на едно советување кое што го организираше Централниот комитет, бев прогласен за противник на индустријализацијата на земјата. Но, вие знаете дека беше основната парола, електрификација, плус индустријализација, социјализам. Мене тогаш некои луѓе погрешно ме разбраа. За среќа, имаше и такви луѓе кои патуваа во светот, па укажаа дека она што јас го зборувам како потреба од заштита на човековата околина е работа која што сега во развиениот свет на големо се расправа.

Што сакам да кажам со ова. Сакам да кажам дека од тогаш наваму се промени свеста во однос на заштитата на човековата околина. Се промени свеста во однос на заштита на сите овие елементи за кои што зборував. Ако успееме сега, а треба упорно да работиме на тоа, затоа што развиените земји ја направија историската грешка во своите земји и сега настојуваат да ги повратат сите состојби какви што биле пред 70, 80 и 100 години. Ние имаме шанса таа грашка да не ја направиме. Ние имаме шанса еколошки да го спречуваме земјиштето, воздухот,

водите, за здраво производство, за квалитетно производство е потребна квалитетна вода, квалитетен воздух и квалитетно земјиште. Тука е сега нашата главна задача, тоа да го направиме, за да можеме да призведуваме здрава храна во Европа, во развиениот свет. Колку сакате сега има храна за производство, но не можат тие да обезбедат производство на здрава храна, затоа што низ целиот процес на индустријализација кои ги доживееја во претходните 70, 80 и 100 години тие практично во голема мера ја загадија својата почва од воздух, вода и така натаму. Тие ги прават тие напори да ги исчистат реките, водите да ги доведат на некое ниво кое го имале пред тие години. Сега за тоа треба и големо вложување и големи пари. Затоа, ние пак сега не треба многу пари да вложиме, но ни треба многу памет, многу ни треба стручно знаење, волја, упорност, да не ги повториме тие грашки. Ние, само со здрава храна, со такви производи кои се на светскиот пазар три - четири пати поскапи од онаа храна која што е зафатена со овие процеси, можеме да дојдеме на тој пазар и тој пазар да ги биде пристапен и како количини и како потреби. Луѓето се' повеќе се свртуваат кон трошење на ваква храна.

Тоа е, така да кажам , еден историски момент кој е на оваа генерација, каде што ние како луѓе, како граѓани, како стручњаци, како политичари треба да му дадеме големо значење. Исто така, јас мислам дека имаме шанса, а во голема мерка ја испуштивме таа шанса да имаме свои брендови во производството на храна. Еве, на пример, Словенците никогаш во историјата не биле познати по производство на ајвар, па тие го заштитиле ајварот како нивен производ и бренд. Како моежевме тоа да го испуштиме, кога воопшто македонците на Балканот сме познати по производство на тој производ. Македонскиот ајвар секаде бил најмногу ценет. Тоа можеме да го направиме и со оризот, ама никој не работи на тоа. Ние мислиме дека во оризот немаме шанса, затоа што доаѓа многу ефтин ориз од Далекиот исток од азиските земји. Меѓутоа, за производство на тој ориз од тие земји и негово произовдство се извршува со многу неквалитетна вода, на многу неквалитетно земјиште. И италијаните произведуваат ориз, но нивниот ориз секогаш се потрошува и нивниот ориз е два пати поскап од оризот што се добива од азиските земји токму затоа што тој има своја марка, што тој има свој имиџ, што тој е познат во Европа како квалитет кој е многу над овие оризи што доаѓаат од далечни земји.Значи, не само оризот, тоа треба да го направиме и со некои други производи, со македонската мастика и други производи кои се карактеристични за нашето поднебје. Сега живееме во некоај стихија, во некои неопределености. Ние не приоѓаме на проблемите во земјоделството научно, не приоѓаме со една програма,

со едни изградени стратегии. Тоа сега многу ни се свети и затоа падна производството на јагнето не неколку пати туку 10-тина пати опадна овчарството, а секој пат во Македонија тоа доминирало и ако гледате историски, кај нас овчарот е најпоганото занимање, секој вели овчар ќе биде од тебе, не бива ништо друго. Значи како погана работа. Ако погледнете од христијанството наваму каде што овчарите го навестиле раѓањето на Христос, туку и од Мојсие, Троја, Атина, Спарта итн. овчарите биле тие кои биле во главната мисла, во главната филозофијаи на Платон, и на Сократ и на сите тие филозофи. Според тоа, ние мораме да го вратиме тој имиџ на овчарот, да ги вратиме овците во Македонија не заради друго, туку затоа што имаме такви огромни површини на земјиште кои неможе да се употребат за друга намена. А ние имамвме извоз на јагнешко месо и јагниња по 400, 500, 600 илјади парчиња јагниња кои ги извезувавме само во Италија. Денес каде спадна овчарството, под 300 илјади овци во Македонија.

Зошто ние не седнеме и да направиме една проценка и да видиме, колку ние увезуваме храна од Запад. Зошто не си поставиме задача да го спречиме увозот со домашно производство, не со мерки, не со царини, не со незнам какви други елементи, туку да го спречиме увозот со големо домашно производство, со квлаитетно производство, со производство кое што практично народот ќе го знае дека е произведено во една чиста средина и дека тое е квалитетен и свеж производ. Зошто ние не ги продаваме пилињата свежи, зошто трошиме пилиња од Франција, од Словенија, од Германија итн. Скоро имав прилика да гледам како луѓето се сетиле во Охридско па оргаинзирале производство на тов на пилиња. Таквите идеи сега треба да ги поддржиме насекаде. И ние имаме голема шанса огромен број од овој невработен народ да го ангажираме во оваа област . Зошто ние да немаме 300, 400 илјади хектари лозови насади. Доволно е на една фамилија два хектари за да обезбедува пристоен живот, два хектари лозови насади, тоа се 200 илјади луѓе, тоа се страшни можности, ако гледате. Зошто не организираме производство на живина, зошто не пресметаме колку луѓе можат од тоа да живеат. Еве, тука се зборуваше за производство на млеко. Зошто ние увезуваме млеко во прав, зошто не си го поставиме тоа прашање каде оди тоа млеко во прав, дали само во преработувачката на некои други производи, или тоа оди и во производство на млеко. Зошто тоа го правиме? Зошто ние не ги користиме нашите производни можности. Еве тука слушаме и гледаме и тоа е евидентно дека полека расте производството на млеко. Но, ние мораме со ред мерки тоа производство да го обезбедиме, да ги осигураме луѓето за пласман, да ги спречиме нашите производни капацитети да користат во

производство на млеко, млечен прав, да користиме сурово млеко. Тука се отвараат големи можности за реализација и за нашите земјоделски институти, за нашиот Факултет, ама во исто време и за нашите министерства и Министерството за земјоделие да му пријде со целиот свој апарат што го има и располага на практично решавање на овие проблеми.

Овде се поставуваат многу прашања, зошто? Наместо да ги поставуваме тие прашања, зошто ова не е направено во земјоделието, зошто ова не е сторено, зошто земјоделецот дојде до ваква состојба, ние практично да го исфрлиме тоа зошто, ама да го исфрлиме со практична реализација, со практични ефекти, со практични резултати. Ние го препуштивме човекот на село сам на себе. Едно време кога беа отворени пазарите спрема Југославија, кога можеше нашиот селанец да стигне за 24 часа до Љубљана, до Риека, до Сплит, до Сараево, до Загреб и да си ги продаде производите, тогаш не ни требаше Министерството да се ангажира во обезбедување на тие пазари, но сега ни треба. Ни треба затоа што нашиот човек кога ќе дојде на една граница стои по 10 часа. За тоа време тој производ што го носи на пазарот се распипува не само што се расипува, туку сите го пљачкаат. Еден терминал е таму каде што ќе царини во својот регион каде што има царина, друг терминал е на нашата граница кога ќе дојде да помине во некоја држава. Прво ние го пљачкаме, веднаш од другата страна го чекаат уште два терминала. И кога ќе ги помине и терминалите на хрватската граница , на словенечката, практично парите му ги земаат, повеќе пари му земаат одколку што ќе земе пари кога ќе стигне на тој пазар и кога ќе  го одерат по автопатиштата  веќе производот неможе да му ги обезбеди ниту трошоците кои што ги вложил во производството. Тука е работата на власта да седне и да разговара со соседните држави и на основа на реципроцитет да се решаваат овие проблеми. Тоа го прават сите земји во светот. Ние мораме во тој поглед практично да работиме. Ние се задоволивме со тоа што рековме, еве ќе имаме безцаринско работење со Југославија, со Бугарија, со Хрватска, Словенија да не ја спомнувам, затоа што таа влезе во ЕУ и сметавме дека се решени проблемите. Не, произлегуваат проблеми непрекинато. Според тоа, тие проблеми мора во од' да се решаваат. Еве, ние видовме словенците кога влегоа во ЕУ и стана загрозен нивниот извоз во Македонија, од претседателот на Владата, па министрите итн. сите дојдоа во Македонија и со решија прашањето. Ние мораме да се посветиме и да станеме во служба на производството и на граѓаните и на народот, да ги решаваме непрекинато практично проблемите. Нашите луѓе воглавно се изгубени во разни кабинети и на разни места и нема практична работа, ни недостасува практичната

реализација. За земјоделието може да се зборува со недели , со денови, со месеци, но еден е заклучокот и една е вистината дека тоа е страховит наш постенцијал, дека е тоа местото каде што ние треба да ги вложиме своите напори, своите знаења, науката, и практична реализација во решавањето на проблемите во оваа огромна област која не бара огромни инвестиции, ама бара напори и знаење.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има пратеникот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Јас би сакал да се вклучам во дискусијата по оваа многу важна тема. Имено, на дневен ред е Информацијата за состојбите во агроиндустрискиот комплекс во делот на индивидуалното земјоделско производство поднесена на 26.12.2003 година, на 50-та седница на Собранието на Република Македонија , значи некаде пред шест месеци и повеќе, времето кога се донесуваше и буџетот на Република Македонија . Сметам дека, еве , помина многу време и добро е што оваа Информација дојде на дневен ред. И гледаме дека нејзината актуелност воопшто не е намалена, туку напротив оваа област перманентно е актуелна во Република Македонија , пред се поради лошите состојби во областа на индивидуалното земјоделско производство. Исто така, многу е значајно и поради тоа што скоро 40% од граѓаните на Република Македонија , или околу 800 илјади живеат од земјоделие. Еве сега во последно време беше и млечната криза, овие денови, или овие последни месеци што јасно зборува за актуелноста на проблемот кој што се јавува во овој дел од живеењето во Република Македонија . Значи, што беше причината за поднесувањето на оваа Информација од нашиот колега г-динот Марјан Ѓорчев, тоа е многу јасно. Значи во 2003 година во оваа област, во областа на земјоделието ни се случија неколку работи кои што доведоа до влошувањето на состојбата во агроиндустрискиот комплекс, пред се тоа е укинувањето на премиите за тутун, за пченица, за млеко, за репа, за сончоглед. Исто така, фамозното зголемување на данокот на додадена вредност од 5% на 18% , на репроматеријалите за земјоделие, на хемиските ѓубрива, на резервните делови. Значи, сето тоа допринесе да се зголемат цените на земјоделските производи и тие да станат неконкурентни на пазарите во Република Македонија и надвор од неа. Исто така, беше стопиран, или беа затворени вратите на Бирото за стокови резерви за откупот на земјоделски производи кои што до 2002 година, претходната Влада на Република Македонија тоа

го правеше. Значи, со ова ние на некој начин со нашата негрижа како држава стануваме уникатен пример не во Европа, туку сметам и во светот , како држава која што не се грижи за еден сектор од своето живеење кој што претставува 40% од населението во Република Македонија . Затоа во 2003 година ни се случија толку штрајкови на земјоделците и демострации, а последниот беше и во моментот кога се поднесе оваа Информација, а тоа беше при донесувањето на Буџетот на Република Македонија  за 2004 година, каде што воопшто не беа предвидени средства за земјоделието. И тоа беше практично најава дека во 2004 година, состојбата во земјоделието воопшто нема да биде подобрена , туку напротив ќе продолжи да се влошува.

Еве, сме на средината од 2004 година, и очигледно е дека не престануваат штрајковите и демонстрациите и на земјоделците се со цел да добијат некои бенифиции за да може државата да интервенира како земјоделието би застанало на поздрави нозе. Како што кажав, последна е млечната криза. Беа многу жални сликите на млекопроизводителите, особено од скопско, од општина Петровец, од Средно, од Долно Коњари, од Р'жаничино, од Огњанци, Кадино, Мралино, Илинден кои го истураа млекото во знак на немоќ, во знак на тоа дека нема што да му прават на млекото кое што до тогаш беше откупувано. Државата вопшто не најде начин како да ја намали таа криза, или како да ја елиминира таа криза и за жал таа сеуште трае. Излезе министерот и кажа дека оваа Влада ќе работи пазарно и поради тоа треба сите производители во агроиндустрискиот комплекс да си изнајдат свој начин како да се прилагодат на пазарното производство во Република Македонија . Сметам дека тоа не е добро, бидејќи тоа не е пракса ниту во ЕУ кон која ние се стремиме да влеземе, бидејќи г-динот Марјан Ѓорчев кажа дека и во Европа и во ЕУ, во земјите кон кои што ние тежиме да влеземе , кај нив има најмалку четири поддршки, значи директен откуп, рефундација, заштитни цени, директни премии и сл. Значи, ние и тоа го игнорираме, сметаме дека ние сме пример за себе, меѓутоа за жал, овој пример за себе, овој уникатен пример доведува само до влошувањето на состојбата во земјоделието. Значи, ме радува што сите пратенички групи има најава да изготвиме еден заеднички заклучок со кој што ќе препорачаме, ќе сугерираме и ќе бараме некој начин Владата на Република Македонија да изнајде можности како да ја надмине оваа криза и оваа многу лоша состојба во агроиндустрискиот комплекс се со цел овие 40% од населението во Република Македонија да имаат барем еден нормален живот и за да може оваа гранка во

Република Македонија да биде на едно повисоко ниво што ќе значи сигурно многу и за економската стабилизација на Република Македонија.

Да не должам многу, со оглед на тоа што имаше многу добри елаборации, тука ќе го завршам моето говорење и ќе побарам претседателе, 15 минути, или 30 минути пауза за да стигнат заклучоците кои што се усогласени со другите политички партии, за да можат тие да бидат изгласани.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Трајановски.

Веќе се делат заклучоците.

Дали некој друг бара збор?

Повелете господине Најдовски.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Господине претседателе, јас сакам накратко да се произнесам по однос на една и тоа како важна тема во Собранието и добро е што ги отвораме овие теми кои што се од витално значење за сите граѓани на Република Македонија, посебно за оние кои што се вклучени во земјоделството и посебно за оние кои што живеат на село и еве вака после двајца, тројца дискутанти од град, кои дисутираа за земјоделството, а јас како човек кој живее на село, а сепак не сум земјоделец, да се произнесам по однос на ова прашање.

Прво, колкун и да сакаме не можеме премногу да зборуваме за состојбите кои што се во земјоделството, но со тоа навистина нема многу да помогнеме, бидејќи во Република Македонија  земјоделството ги трга и овие маки, ако не повеќе како што ги трга и целокупната економија и е во состојба како што ние економијата во овој транзиционен период во Република Македонија. Не би сакал воопшто да зборувам за состојбите, затоа што на сите доволно им се познати, но би сакал прво да го кажам следново. Ние неможеме да го гледаме земјоделството исклучено од останатите стопански гранки. Второ, дека развојот на земјоделството во Република Македонија онака како што дискутираа досега моите колеги, како што беше и интенцијата во самата информација, не можеме да го гледаме повеќе во развој на сирово земјоделство, туку напротив, земјоделството мораме да го гледаме во склопот на развојот на преработувачката, посебно преработувачка во прехранбената индустрија во Република Македонија и развојот на терцијалните дејности. Пред се, тука мислам развојот на туризмот во Република Македонија кој што треба да претставува една од алките која што може да го повлече развојот на земјодлеството.

Главниот проблем според мене, немајќи притоа интенција да навлегувам во многу стручни анализи, но сепак главниот проблем според мене е многу поголемо земјоделско производство од одделен дел на производи земјоделски кои што ги имаме во Република Македонија, поголемо отколку што се авторционите можности на македонскиот пазар. Ние можеме да видиме дека со овој проблем се соочивме посебно после 90-тите години, а посебно би го истакнал проблемот на раноградинарските култури кога навистина се стесни пазарот за пласман на земјоделските производи во Република Македонија и во еден период, како што зборуваше и колегата Ѕинго кога имавме отворени пазари од 20 и повеќе милиони потенцијални потрошувачи дојдовме на потрошувачи од околу 2 милиони потенцијални во Република Македонија. Тоа е првиот проблем.

Вториот наш проблем е стандардизацијата на земјоделските производи и производите од прехранбената индустрија кои што произлегуваат од суровинската база на земјоделското производство.

Третиот проблем е неадекватната и долга трансформација на големите земјоделски комбинати, со исклучок на земјоделскиот комбинат Пелагонија од Битола, останатите навистина во овој период на трансформација се повеќе можеби од субјективни и објективни причини се најдоа во една многу тешка состојба. Но состојбата е таква каква што е и излезот треба да се бара. Тој излез ние мораме односно мерките и активностите кои што ќе бидат насочени во оваа насока, според мене, можат да се поделат во три групи на надлежности. Мораме да дефинираме за да знаеме точно кој која надлежност ја има и врз основа на тоа да дефинираме кој колкава одговорност има за извршување односно неизвршување на одредени активности.

Затоа, прво, мислам дека во една програма или план треба да се дефинираат точно што се надлежностите на државата, на извршните органи на Владата и одредените институции поврзани со земјоделството, за да можеме точно да знаеме што е тоа што треба да го направи државата, а ниое секогаш кога нешто не ни оди да бараме одговорност од државата, а притоа да ги нема надлежностите.

Втората група е точно треба да се дефинираат и да си знаеме во јавноста и ние што е обврска и задача на менаџерите кои што се во земјоделските гранки и во преработувачката индустрија, која што како суровина ги користи земјоделските производи, затоа што најголем дел на обврските сепак лежат токму на тие менаџери. На крајот по одговорноста и задачи се земјоделците, односно производителите. Ако ги сумираме обврските од сите овие три групи, каде што јас се обидов да лоцирам

како треба да ја насочиме нашата активност, ќе видиме дека излезот адекватно на проблемот со кој што се соочуваме е единствен и е во насока на ангажиран и агресивен извоз на земјоделските производи и преработката од земјоделските производи во Република Македонија. Ние можеме само да се занесуваме и да кажуваме дека Владата или државата треба да преземе обврски, ова или она и колку пари, иако тие се оскудни колку пари да имаме плус во Буџетот, ние на крајот ќе се соочиме повторно, ако не за еден или два месеци за една година со тие проблеми кои ќе го поврзат нашето земјоделство и кој што на крајот повторно ќе го бараме тој излез, тоа е извозот на земјоделските производи. Затоа во таа насока би сакал да напоменам дека се потребни неколку работи кои во овој момент државата и одредени институции во државата треба да ги направиме.

Прво, во овој период мислам дека за една и повеќе години донесовме неколку законски решенија, но сеуште ни претстојат уште неколку законски решенија со донесување на одредени мерки со кои ќе се овозможи создавата на подеднакви услови за секој учесник во производството на земјоделските производи. Тука, на овој план мислам дека работите се при крај,но сепак треба што побрзо да ги завршиме за да имаме релна основа за почеток, за подобрување на состојбата.

Втора работа која што е во надлежност на државата и сметам дека таа треба да продолжи во последниве неколку години, посебно последнава година преку надворешната економска политика која што се води од Република Македонија, направени се обиди но до крај не е завршено , треба да се елиминираат техничките бариери кои ги имаат одредрени пазари во други држави. Тука мислам и на тарифни бариери кои што одредени држави дали од соседството или пошироко, ги имаат према производите, земјоделските производи од нашата земја. Само да се потсетиме некаде на средината на 2002 година беше кога се водеа преговорите за влезот во Светската трговска организација и овој состав на Парламентот на Република Македонија го донесе, го ратификува тој договор, но веќе кога ние го ратификувавме фазата беше завршена, една катастрофална грешка што тогаш ја направи;ла Владата во 2002 година е договорот со Хрвстска го потпиша господинот Бесник Фетари, тогашен министер за економија по однос на цигарите кои што доаѓаат од Хрватска во Република Македонија и кои што го имаат третманот на македонски производи. Од друга страна ни како држава не можеме да извеземе ниедна цигара во Хрватска заради тоа што неисполнуваме одредени, би рекол, некои норми според правилниците кои што Хрватска фи има спрема Република Македонија. Тие последици ќе ги имаме долгорочно и со тоа и е нанесен удар на

тутунската индустрија во Република Македонија, а сега слушаме сосема други забелешки зошто состојбата е таква. Таква е заради тоа што ако имате одреден министер или одредена Влада што во одреден период ќе направи една грешка, последиците ќе бидат долгорочни за тутунската индустрија по однос на цигарите, тоа мораме сеуште да го носиме. Во иднина, мора и тоа е задача на државата да преземе мерки во тие меѓународни договори да ги отстрани сите тие технички тарифни бариери кои што стојат за нашите производи.

Понатаму, навистина, ние мораме како Парламент тоа да го пофалиме и да ја поддржиме понатамошната иницијатива за субвенционирање и поднесување на дел од трошоците што ги пренесува Министерството за економија по однос на изложбите и саемите на земјоделски производи кои што ги имаат нашите производители во странство.

Би сакал неколку реченици да се осврнам на стимулациите за кои овде се зборуваше и со право може да се каже дека ако зборуваме за државен интервенционизам во економијата, општо познато е во светот државниот интервенционизам е токму во земјоделството преку одредени начини, мерки и било какви правилници, секоја држава настојува да си го заштити своето земјоделско производство. Но, кога зборуваме за стимулациите оваа држава ги имала многу во изминатите години наназад, но сметам дека тие стимулации, премии, прелевмани не доаѓале до земјоделците, туку напротив, доаѓале до некои посредници, производители или трговци, незнам како да ги наречам, а најмалку од тоа имале корист земјоделците. Затоа, кога зборуваме за стимулации, треба да се залагаме стимулациите да доаѓаат токму до непосредните производители, односно да се даваат на земјоделците.

Она што би предложил и би сакал како наша политика да биде кога се во прашање стимулациите, ние пред се, треба да ги стимулираме оние пониски форми во земјоделското производство, кои што претставуваат составни компоненти, понатаму на останати производи, кои што би ги направиле нашите земјоделски производи покункурентни на странскиот пазар. Така, за поздравување е ова што го слушнав деновиве од Министерството за економија и од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство дека нивното залагање е за давање одредени стимулации за производство на пченка и јачмен како сточна храна, при што би се потпомогнало производството во месната индустрија односно производството на месо, како би можеле нашите месни производи станале конкурентни на странските пазари.

Следна работа која што мора најитно да се направи, бидејќи во изминативе години во Република Македонија тоа не е направено, е Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Ветеринарната инспекција, Министерството за здравство, Министерството за економија да донесат правилници за квалитетна храна. Ние, вака како што се развивме сега и онака како што приоѓаме на овој проблем за две години верувајте не ќе можеме да извеземе ниеден земјоделски производ, ниту преработка од земјоделски производ во државите од ЕУ ако ги немаме овие правилници за квалитетна храна. Можеби деновиве многу поинаку ја сватија или пред еден месец, инспекцијата по однос на млекото и учеството на млекото во прав. Но, тоа може кај нас да помине сега за еден или два месеци, но кога ќе сакаме да извеземе млеко во државите од Европската Унија, а сега гледаме дека тој број се зголемил, ние ќе наидеме на таа бариета и сакаме или не, како пример го земав млекото, ќе мораме за сите земјоделски производи и производи кои што се од прехранбената индустрија, да ги имаме овие правилници.

Исто така, што поскоро мора да ја завршиме работата со лабораториите за стандардизација и акредитација, за да можат нашите производи да добиваат извозни броеви, не само од земјоделското производство, туку и производите од прехранбената индустрија.

Со овие мопи неколку предлози сакам да завршам и да кажам, ние можеме да зборуваме со денови и денови овде и да кажуваме колку им е тешко на земјоделците и тоа е факт. Но, со тоа кажување нема ништо да направиме ако не преземаме конкретни мерки, конкретни чекори како да излеземе од оваа состојба. Според мене, излезот е во стандардизација на производите, правилници за квалитет и да овозможиме нашите производи да бидат конкурентни на странскиот пазар и да се носат со производите, кои што се произведуваат во другите држави. Можеме уште една или пет години да држиме до тоа, но во 2011 година мораме царинските стапки да ги сведеме на нула. Мораме така да се соочиме со тој проблем и за тоа да бидеме спремни. Затоа што, во спротивно, еве по однос на млекото можеме да зборуваме вака или онака, ние го имаме максимумот од царинска заштита на млекото. Но, гледаме дека тоа не е доволно. Ги имаме прелевманите, имаме царинска стапка, која што е некаде околу 38% заедно со царинската стапка и вредноста која што е од 0,05 евра по килограм за увоз на млеко. Се гледа дека тоа на нас не ни е доволно. Значи, ние треба да работиме и на тоа посебно никој неможе да им помогне на менаџерите кои се од оваа индустрија, ако самите не преземат соодветни мерки. Со кои производи млечни или месни или незнам кои ние

конкурираме на странскиот пазар. Не можеме повеќе да бараме дека има милост на меѓународниот пазар. На меѓународниот пазар нема милост, или си способен да се носиш или самиот пазар ќе те исфрли.

Би завршил со тоа дека претстојат неколку работи кои што ќе треба да ги направиме во периодот кој што е пред нас, ако сакаме навистина реално да согледуваме. А, ако сакаме само да им се додворуваме на производителите и да речеме, да тешко им е, мислам во 1997 и 1998 година пченицата имаше откупна цена 12 денари, па две години во 1999 година и во 2000 година падна цената, па потоа пак пред избори премија од едно место или друго место им се вети па не им се даде. Мислам дека на таков начин и  со таков пристап ние ќе немаме успех. Можеме да формираме и 200 фондови за земјоделство, но ако ги немаме овие насоки за развој на земјоделството, ние само ќе се залажувме дека нешто сме направиле. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата, бидејќи ќе пристапиме кон гласање на заклучоците.

Само да ве информирам, господинот Марјан Ѓорчев како предлагач на информацијата оригиналните заклучоци што беа со Информацијата ги повлече.

До нас се упатени и поделени нови заклучоци поднесени и потпишани од претаниците Марјан Ѓорчев, Драган Георгиев, Борче Петковски, Владо Паунков, Илија Србиновски, Ѓорѓе Паљошкоски и Агим Џелили.

Уште еднаш ги молам пратениците да влезат во салата. Мислам дека имаше доволно време да се прочитаат заклучоците, бидејќи беа поделени пред десетина минути, за да се изјасниме по совеста.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Има доволно пратеници за да гласаме.

Предлогот на новите заклучоци го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 66 пратеници, за гласале 62 пратеници, 4 воздржани, против нема.

Констатирам дека Собранието ги усвои предложените заклучоци.

Мислам дека нема потреба да ги читаме, бидејќи се нови и јавноста ќе биде запозната на интернет страницата со овие заклучоци.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам Педесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши со работа во 15,00 часот)